*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

**ОДРЖАНИ ПРВИТЕ "СТУДЕНТСКИ ДЕФЕКТОЛОШКИ ДЕНОВИ"**
(Продолжение од предходниот број)

*Вељановска А.*

„**КОМПЕЗАЦИЈА КАЈ СЛЕПИТЕ И СЛАБОВИДНИТЕ ЛИЦА**"

Појдовна основа во процесот на рехабилитацијата на лицата со оштетен вид преставува личноста како биопсихосоцијална структура. Оштетување на видот е агенс што доведува до нарушување на рамнотежата на таа структура. Компезацијата игра многу важна улога во повторното воспоставување на рамнотежата. Бидејќи оштетување на видот, особено слепилото доведува до тоа да ваквото лице не ги задоволува општествените барања, па ни сопствените потреби, се развиваат компезаторски механизми со кои целиот состав на адаптација се стреми кон реорганизација со нови принципи, се изнаоѓаат нови, заобиколни процеси на развој, што станува замена или дополнување на оштетените функции поради загубата на видот.

*Ј. КОЦЕВА, В. КАСАПИНОВА*

**„РАНО ОТКРИВАЊЕ НА ОШТЕТЕНОСТА НА СЛУХОТ КАЈ ДЕЦАТА"**

За испитување на слухот кај малите деца е неопходно потребно да се одберат аудиометриски методи со кој се тестира не само периферниот дел од аудитивниот систем, туку и поцентрални делови, вклучувајќи ги повисоките нивоа на овој систем. Досегашните студии за испитување на слухот кај предучилишните деца во Аудиолошкиот Центар при Клиниката за уво, нос и грло укажува дека е неоходно потребно да се спроведат објективни аудиметриски тестови како што се отоакустичните емисии (ОАЕ) и методите на аудитивни одговори на мозочното стебло (АБР).